# ВикипедијА

*Слободна енциклопедија*

***Замислете свет во кој секоја личност има слободен пристап до целокупното човечко знаење.***

***Тоа е она што ние го правиме.***

***Како?***

***Никој не знае се...***

***...но секој знае нешто.***

**2011, декември**

Димче Грозданоски

twitter: @grozdanoski

# Што е Википедија?

- Слободна енциклопедија
- Слободна во смисла на GNU: слободна како бесплатно пиво и слободна како слободен говор
- Достапна на 283 јазици,
- Над 20 милиони статии на сите јазици
- Напишана од доброволци



# Основна намена на Википедија: Истражување

**Позитивно:**

- Постојано се ажурира
- Неутралност
- Поврзано знаење
- Лесно достапно

**Негативно:**

- Може релативно лесно да се вандализира
- Се е работа во тек

# Развој на Википедија

- Предок на Википедија е Нупедија, основана во Март 2000 од Џими Велс и Лери Сангер
- Википедија е основана на 15 Јануари 2001
- Неутралната гледна точка (НГТ) е усвоена неколку месеци подоцна
- **Бројот на статии има експоненцијален раст:**
- 2001 - 13.000, **2011 - 20.700.000 статии**



# 10 години Википедија










* Се прослави на сите континенти
* На преку 470 локации во светот

# Развој на Википедија

- Денес, вкупно на Википедија има над 20 милиони статии, од кои 3,8 на Википедија на англиски.
- Се додаваат околу 10,000 нови статии дневно.
- Википедија е најголема енциклопедија
- Придонесувачи, регистрирани корисници, активни уредувачи, многу активни уредувачи
- 6 место на најпопуларни веб страници на глобално ниво според Alexa (декември 2011: Google, Facebook, YouTube, Yahoo, Baidu, **Wikipedia**)

# ПРИДОНЕСУВАЧИ
## направиле најмалку 10 уредувања



# АКТИВНИ УРЕДУВАЧИ
## прават 5 или повеќе уредувања во текот на еден месец



# МНОГУ АКТИВНИ УРЕДУВАЧИ правaт 100 или повеќе уредувања во текот на еден месец



# Релевантност на Википедија

**Може ли да се верува на содржината?**

**Да, но...**

- Користете повеќе независни извори
- Проверете ја историјата на статијата
- Исти услови како кај другите енциклопедии

# Релевантност на Википедија

Според истражувањата на Nature (2005 г.), ВП во просек има 3,86 грешки по статија. Британика има 2,92 грешки по статија, но просечната големина на текстовите е двојно помала.

www.cnet.com

# Авторски права / Лиценци

**Сите содржини на Викимедија сајтовите се лиценцирани со:**

- Creative Commons Attribution-ShareAlike 3.0 Unported License (CC-BY-SA)
- ГНУ Лиценца за слободна документација (GFDL)
  - Текстовите може слободно да се дистрибуираат и менуваат
  - Изведените дела мораат да бидат слободни (copyleft)

http://en.wikipedia.org/wiki/Wikipedia:Copyrights

# Википедија на македонски јазик http://mk.wikipedia.org

- Постои од 2003-та година
- Поактивно се развива од 2005-та
- Сега брои ~ 53.000 статии, ~750.000 страници
- Вкупно ~32.000 регистрирани корисници, ~250 активни, ~10 многу активни
- 17 администратори, 3 бирократи, 43 уредници, 21 оценувачи, 13 автопатролери, 14 патролери, 13 автооценувачи
- 55 место според бројот на статии

- Главна страница
- Што е Википедија?
- Азбучен индекс
- Избрана содржина
- Случајна страница
- Портал

технички
- Тековни настани
- Скорешни промени
- Селска чешма
- Дарување
- Помош

алатник
- Што води овде
- Поврзани промени
- Специјални страници
- Верзија за печатење
- Постојана врска
- Цитирање на страницава
- Подигни податотека

Други јазици
- Armãneashce
- Беларуская

- Следете ја Википедија на македонски јазик на **Facebook** и **Twitter**!

# Добре дојдовте на Википедија

**слободната енциклопедија** што може **секој да ја уредува**

имаме 53.017 статии на македонски јазик

## Избрана статија за оваа седмица



**Носорози** се група на пет преживеани видови на непарнокопитни животни од фамилијата **Rhinocerotidae**. Два од овие вида потекнуваат од Африка, а останатите три од Азија. Три од петте вида (јаванскиот, суматранскиот и црниот носорог) се критично загрозени видови. индискиот носорог е загрозен вид од кој се проценува дека има уште 2700 единки во дивината. Белиот носорог е на листата на ранливи видови со преостанати 9000 единки во дивината.

Животните од оваа фамилија се едни од најголемите живи примероци на мегафауната, и сите видови достигнуваат тежина од над еден тон. Тие се тревопасни, имаат тенка кожа (1,5 – 5 сантиметри), составена од слоеви на колаген со кристална структура. Во споредба до нивната големина, овие цицачи имаат релативно мал мозок (400-600 грама) и голем рог. Најчесто се хранат со лисјести растенија, но доколку е потребно можат и да ферментираат пофиброзна растителна храна во дебелото црево. За разлика од останатите непарнокопитни животни, африканските видови на носорози немаат предни заби, поради што за пасење растенија ги користат катниците и преткатниците. *(Дознајте повеќе...)*

**архива** · **наредни избрани статии** · **критериуми**

## Дали сте знаеле дека...

*Од најновите статии на Википедија:*



- ... дека неодамна пронајдената **метална микрорешетка** е најлесниот материјал на светот?
- ... дека **националниот симбол на Монголија** е всушност еден од знаците на едно постаро монголско писмо?
- ... на 15 март 1948 започнала **евакуација на децата од селото П'пли**, при што било иселено 91 дете во 4 групи?
- ... како момче **Џозеф Далтон Хукер** учествувал во експедицијата на Џејмс Кларк Рос со која било

## Што е Википедија?

Википедија е енциклопедија напишана преку соработка на многу од нејзините читатели. Таа е специјален тип на мрежно место, наречено вики, што го прави придонесот кон неа брз и лесен.

Сакате да помогнете?
Започнете со нашиот **вовед**!

**Содржина и помош**

почетен курс • прашања • азбучен индекс • избрана содржина • нови статии • потребни статии

## Тематски портали

**Природни науки**

астрономија • биологија • геологија • екологија • информатика • математика • логика • медицина • физика • хемија

**Општествени науки**

археологија • економија • историја • митологија • политика • право • психологија • социологија • филозофија

# ПРИДОНЕСУВАЧИ

## ~30.000 регистрирани корисници, 952 направиле најмалку 10 уредувања



# АКТИВНИ УРЕДУВАЧИ
## од ~950 уредувачи, 57 прават 5 или повеќе уредувања во текот на еден месец



# МНОГУ АКТИВНИ УРЕДУВАЧИ

## од ~950 уредувачи, 11 прават 100 или повеќе уредувања во текот на еден месец



# Што е Вики?

- Соработнички софтвер за веб сајт кој сите може да го менуваат
- Бара само компјутер, пристап до интернет и веб прелистувач
- Многу едноставен јазик

Animated video, 4 min

http://www.commoncraft.com/video/wikipedia

# Синтакса

- Вики mark-up
- Поддржува и внесување на html код
- Едноставен за користење, наменет за крајниот корисник

# Unix

Од Википедија, слободна енциклопедија

**Јуникс** (Unix) е оперативен систем за компјутери. Неговите основни особини се преносливост меѓу хардверски платформи, возможност да извршува истовремено повеќе процеси (*multitasking*) и способност истовремено да опслужува повеќе корисници. Јуникс е развиен во текот на шеесеттите години врз основа на оперативниот систем Мултикс. Развиен е од страна на Кем Томсон, Денис Ричи и Даглас Мекилрој, програмери на американската телекомуникациска фирма AT&T.

Јуникс има доживеано повеќе верзии и денес се во секојдневна употреба, меѓу други, верзиите на IBM и Sun Microsystems (*Sun Solaris*), како и во верзии на Слободен Софтвер на BSD Unix и Линукс (*Linux*). Интересно е тоа што Би-Ес-Ди (BSD) Јуникс имал во јадрото вграден код кој овозможувал поврзување на повеќе компјутери во мрежа. Мрежниот код на БиЕсДи се смета за претеча на Интернет протоколот TCP/IP.

## Слоеви на Јуникс [уреди]

Слоеви на интеракција помеѓу хардверот и корисникот:

- Јадро (кернел) -директна врска со хардверот
- Апликации (програми) и команди - интеракција со јадрото, а не директно со хрдверот
- Интерпретер на команди (Шел)интеракција помеѓу корисникот и неговите програми со Јуникс командите
- Систем на прозорци, на пр.X(не мора да постои) - интеракција најчесто со Шел, но може и директно со програмите
- Корисникот - интеракција со Шел или комбинација од системот на прозорци и Шел околината.

## Надворешни информации и врски [уреди]

- The UNIX Forums - the Top UNIX & Linux Q&A on the Web (на англиски)
- Tru64.org (на англиски)
- EnterpriseUNIX.org (на англиски)
- Unix @ dmoz.org (на англиски)
- http://www.UNIX-systems.org/ -- The Open Group UNIX System Homepage (на англиски)
- http://xahlee.org/UnixResource_dir/freebooks.html -- The Unix Pestilence (an anti-unix website) (на англиски)
- http://www.roesler-ac.de/wolfram/acro/index.htm -- The Unix Acronym List (на англиски)
- UniX on laptops and notebooks (на англиски)

Категорија: Информатика

Википедија
Слободна енциклопедија

навигација
- Главна страница
- Портал
- Тековни настани
- Скорешни промени
- Случајна страница
- Помош
- Донации

пребарај
Оди | Пребарај

алатник
- Што е поврзано со ова
- Поврзани промени
- Подигни датотека
- Специјални страници
- Верзија за печатење
- Постојана врска
- Цитирање на статијата

други јазици
- Aragonés
- العربية
- Asturianu
- Български
- Bosanski
- Català
- Česky
- Dansk
- Deutsch
- Ελληνικά
- English
- Esperanto
- Español

Најавете се

статија | разговор | уреди | историја

# Уредување на Unix

Од Википедија, слободна енциклопедија

**Предупредување:** Не сте најавени. Вашата IP адреса ќе биде забележана во историјата на страницата.

```
'''Јуникс''' (Unix) е оперативен систем за [[Компјутер|компјутери]]. Неговите основни особини се преносливост меѓу хардверски платформи, возможност да извршува истовремено повеќе процеси (''multitasking'') и способност истовремено да опслужува повеќе корисници. Јуникс е развиен во текот на шеесеттите години врз основа на оперативниот систем Мултикс. Развиен е од страна на Кем Томсон, Денис Ричи и Даглас Мекилрој, програмери на американската телекомуникациска фирма AT&T.

Јуникс има доживеано повеќе верзии и денес се во секојдневна употреба, меѓу други, верзиите на [[IBM]] и [[Sun Microsystems]] (''Sun Solaris''), како и во верзии на [[Слободен Софтвер]] на [[BSD Unix]] и [[Линукс]] (''Linux'').
Интересно е тоа што Би-Ес-Ди (BSD) Јуникс имал во јадрото вграден код кој овозможувал поврзување на повеќе компјутери во мрежа. Мрежниот код на БиЕсДи се смета за претеча на [[Интернет]] протоколот  [[TCP/IP]].

===Слоеви на Јуникс===

Слоеви на интеракција помеѓу хардверот и корисникот:
* Јадро (кернел) -директна врска со хардверот
* Апликации (програми) и команди - интеракција со јадрото, а не директно со хрдверот
* Интерпретер на команди (Шел)интеракција помеѓу корисникот и неговите програми со Јуникс командите
* Систем на прозорци, на пр.X(не мора да постои) - интеракција најчесто со Шел, но може и директно со програмите
* Корисникот - интеракција со Шел или комбинација од системот на прозорци и Шел околината.


===Надворешни информации и врски===

* [http://www.unix.com/ The UNIX Forums - the Top  UNIX & Linux Q&A on the Web ] (на англиски)
* [http://www.tru64.org Tru64.org] (на англиски)
* [http://www.enterpriseunix.org EnterpriseUNIX.org] (на англиски)
```

**НЕ ПРАЌАЈТЕ ЗАШТИТЕНИ ТЕКСТОВИ БЕЗ ДОЗВОЛА!**

Опис:

Зачувај ја страницата | Прегледај | Прикажи промени | Откажи | Помош за уредување (се отвара во нов прозорец)

Внеси : È è Й й Ô ô · ®© ™ @ €£¥ß · α β γ δ ξ μ π φ · Δ Θ Λ Ξ Σ Ψ § · ~ | ° • → ¡ ¿ ± † · ½ ¼ ¾ × ¹ ² ³ – — ' " ' " · „" »«

Вики [] [[]] [[|]] {{}} · --~~~~ · [[Категорија:]] · <gallery></gallery> · <small></small> · <pre></pre> · <sup></sup> · <noinclude></noinclude> · #REDIRECT [[]] · {{МФА|}} · {{Уникод|}} · {{Дропка||}} · <!----> ·

**Сите измени се прикажуваат веднаш.**

- Сите придонеси до Википедија се зема дека се издадени под GNU Free Documentation License
- Ако не сакате вашиот текст да биде менуван и редистрибуиран слободно, не го испраќајте овде.
- Исто така потврдувате дека текстот сте го напишале сами, или сте го копирале од јавен домен или сличен слободен извор.

# Синтакса

Добра Википедија статија треба да има:

- Конзистентен изглед
- Логичко групирање во наслови/поднаслови
- Интервики врски
- Меѓујазични интервики врски
- Категорија (и)
- Слики

# Наслови

Магичен карактер за додавање наслови е знакот =

- Наслов од прво ниво е текстот меѓу два знака = (пр. ==Наслов1==)
- Можно е понатамошно вгнездување за добивање на поднаслови:
- ===Поднаслов1===
- ====Поднаслов2====
- Содржина автоматски се додава ако има повеќе од 4 наслови

# Наслови

- == Наслов 1 ==
- текст 1
- === Поднаслов 1.1 ===
- текст 1.1
- ==== Поднаслов 1.1.1 ====
- текст 1.1.1
- ==== Поднаслов 1.1.2 ====
- текст 1.1.2
- === Поднаслов 1.2 ===
- текст 1.2
- == Наслов 2 ==
- текст 2
- === Поднаслов 2.1 ===
- текст 2.1



**Содржина** [сокриј]


1 Наслов 1
  1.1 Поднаслов 1.1
    1.1.1 Поднаслов 1.1.1
    1.1.2 Поднаслов 1.1.2
  1.2 Поднаслов 1.2
2 Наслов 2
  2.1 Поднаслов 2.1


## Наслов 1

текст 1

### Поднаслов 1.1

текст 1.1

#### Поднаслов 1.1.1

текст 1.1.1

#### Поднаслов 1.1.2

текст 1.1.2

### Поднаслов 1.2

текст 1.2

## Наслов 2

текст 2

### Поднаслов 2.1

текст 2.1

# Форматирање текст

Текст се форматира со помош на знакот апостроф (‘)

- За курзив текст користиме *''Курзив текст''*
- За масни букви користиме **''' Масни текст'''**
- Можна е комбинација на двете:

***'''''Курзив и масен текст'''''***

# Листи

Ненумерирани листи се додаваат со знакот *

* Листи се креираат лесно:
** Почнете ја секоја линија со ѕвездичка.
*** Повеќе ѕвездички значат подлабоко ниво.
**** Нова линија во листа
означува крај на елемент во листата.

* Празна линија почнува нова листа.

# Листи

- Листи се креираат лесно:
  - Почнете ја секоја линија со ѕвездичка.
    - Повеќе ѕвездички значат подлабоко ниво.
      - Нова линија во листа

означува крај на елемент во листата.

- Празна линија почнува нова листа.

# Листи

Нумерирани листи се додаваат со знакот #

# Нумерирани листи се исто така корисни
## добро организирани
## лесно се следат
### уште полесни

1. Нумерирани листи се исто така корисни
    1. добро организирани
    2. лесно се следат
        1. уште полесни

# Врски

- 2 типа на врски
- Внатрешни врски кон страници од истиот сајт. Се додаваат со две средни загради: [[име_на_статија]]
- Обични врски кон други страници, се додаваат во единечни средни загради [http://www.finki.ukim.mk ФИНКИ]
- Црвени врски водат кон непостоечки страници – чекаат да ги создадете :)

# Внатрешни врски

[[Екологија|Екологија**та**]] е важна наука за развојот на планета Земја.

Екологијата е важна наука за развојот на планета Земја.

- Врска кон друга Википедија статија
- „Екологијата“ е врска кон страницата http://mk.wikipedia.org/wiki/Екологија
- Се користи pipe (|) знакот.
- Доколку статијата не постои, се прикажува црвена врска

# Меѓујазични интервики врски

...се врски кон истата статија на друг јазик

- Вообичаено се додаваат на крајот на статијата
- Се додаваат како и обичните интервики врски, само со префикс кодното име на јазикот:
- [[en:Ecology]]
- Се прикажуваат на левата страна на секоја статија

статија | разговор | видете го кодот | историја

Најавете се

# Главна страница

Од Википедија, слободна енциклопедија

ВикипедијА
Слободна енциклопедија

навигација

- Главна страница
- Портал
- Тековни настани
- Скорешни промени
- Случајна страница
- Помош
- Донации

пребарај

Оди | Пребарај

алатник

- Што е поврзано со ова
- Поврзани промени
- Подигни датотека
- Специјални страници
- Верзија за печатење
- Постојана врска
- Цитирање на статијата

други јазици

- العربية
- Български
- Bosanski
- Català
- Česky
- Kaszëbsczi
- Dansk
- Deutsch
- Ελληνικά
- English
- Esperanto
- Español
- Eesti
- Français

## Добредојдовте на Википедија!

**Добредојдовте** на сајтот на слободната енциклопедија на **македонски јазик**. Википедија е повеќејазичен проект на креирање на потполна и точна слободна енциклопедија. **Секој** посетител може да додава и менува статии. Проектот на Википедија започна во јануари 2001, додека проектот на македонски јазик постои од септември 2003 година. Википедија на македонски јазик има **8.211** статии. Учествувајте во нејзиното проширување уште **веднаш**! Користењето и проширувањето на Википедија е навистина лесно - може да ги направите првите чекори за запознавање со Википедија кликајќи **овде**. Идеи за нови статии има безброј, а може да ги најдете на следната листа на статии кои Википедија на македонски би требало да ги има.

**Важно:** Користете исклучиво кирилица (секако, со исклучок на референци, специфични имиња и слично) во статиите кои ги пишувате или уредувате! Доколку имате статија напишана со некој македонски фонт, претворете ја во кирилична поддршка. За тоа можете да искористите некој од претворувачите наведени во соодветната страница за помош. Исто така пред да подигнете слика, видете ги лиценците за слики и задолжително наведете лиценца на сликата.

## Актуелно на македонската Википедија

- Дојдете на првата вики средба
- Македонската Википедија премина **8.000** статии.
- Воведена е *Одбрана статија на неделата* наместо *Одбрана статија на месецот*.
- Преводи и транслитерации - прашајте го одговорниот референт.
- Примена на акцентирани македонски букви
- Отворен е порталот Класична музика.
- Отворен е порталот Философија.
- Македонската Википедија е избрана за сајт на денот во Време.
- Предлози и гласови за следната „Одбрана статија"
- Предложете нова информација за „Дали сте знаеле".
- Видете кои се статии во изработка.
- Видете кои се статии за преведување.
- Видете кои се статии за уредување.
- Видете кои се статии за бришење и кажете го вашиот став во однос на нивното евентуално бришење *со гласање на соодветната страница за разговор*.

Додајте актуелност

## Одбрана статија на неделата



**Сергеј Михајлович Прокудин-Горски** (руски: *Сергей Михайлович Прокудин-Горский* чујте (помош·инфо)) (31 август, 1863, Муром – 27 септември, 1944, Париз) го посветил својот живот на унапредувањето на фотографијата како еден од пренците на фотографијата во боја. Роден е во Муром во Владимирската област, Русија, а по звање бил хемичар. Учел кај славни научници во Санкт Петербург, Берлин и Париз, и развил првични техники за фотографија во боја.

Своите првобитни истражувања резултирале со патенти слајдови и

## Дали сте знаеле...



- ... дека Стив Ваи постел десет дена за да ја напише песната For the Love of God од албумот Passion and Warfare?
- ... дека насловот на Рациновите *Бели* мугри во оригиналното издание од 1939 година е испечатен во црвена боја?
- ... дека Џон Петручи од Dream Theater ја напишал и посветил песната Another Day од албумот Images and Words на својот татко болен од рак?
- ... дека ¾ од LTE се членови на Dream Theater?
- ... дека мирисот на многу овошја се должи на естерите?
- ... дека лондонскиот ресторан Симпсонс на Стренд бил лулката на професионалниот шах во XIX век?
- ... дека Габриел Гарсија Маркес е личен пријател со Фидел Кастро?

# Категории

Служат за логична организација на статии од иста област

- Вообичаено се додаваат по текстот за статијата, пред интервики врските
- За дадена статија да „доделиме“ на категоријата Екологија, доволно е било каде во неа да додадеме [[Категорија:Екологија]]
- [[Екологија]] и [[Категорија:Екологија]] се две различни страници!

статија | разговор | уреди | историја | заштити | избриши | премести | набљудувај

# Екологија

Од Википедија, слободна енциклопедија

**Екологија** може да значи или:

- природна средина или
- анализа или студија базирана на принципите и методите на **еколошката наука**.

Оваа статија се однесува на второто значење. Поимот *oekologie* е составен во 1866 од страна на германскиот биолог, Ернст Хекел, од грчкиот *oikos* што значи „домаќинство" и *logos* што значи „студија". *Екологија* е наука што ги изучува распределбата и изобилството на живи организми, и односите меѓу организмите и нивната средина. Средината на организмите ги вклучува и нивните физичките карактеристики, кои можат да се опишат како сума на локални абиотички фактори како клима и геологија, како и другите организми што го делат истото живеалиште.



Екологија во суштина е наука за развојот н
планета Земја.

## Види исто така

[уреди]

- Екосистем
  - Биотоп
  - Биоценоза
- Еколошки фактори

Категорија: Екологија

категорија | разговор | уреди | историја | заштити | избриши | набљудувај

# Категорија:Екологија

Од Википедија, слободна енциклопедија

**Екологија** може да значи или природна средина или анализа или студија базирана на принципите и методите на еколошката наука.

## Подкатегории

Постојат 9 подкатегории во оваа категорија.

### А

- [+] Агрономија

### Б

- [+] Биогеохемиски циклуси
- [+] Биодиверзитет

### Б продолжува

- [+] Биота

### Ж

- [+] Животна околина

### И

- [+] Изумирање

### П

- [+] Природни извори

### П продолжува

- [+] Природни ресурси
- [+] Природознание

## Статии во категоријата „Екологија“

Постојат 8 статии во оваа категорија.

### *

- Екологија

### Б

- Биотоп

### Б продолжува

- Биоценоза

### Е

- Едноклеточен организам
- Еколошки фактори

### Е продолжува

- Екосистем

### С

- Симбиоза
- Синџири на исхрана

Категорија: Природни науки

# Слики и мултимедија

- Лиценцирани под GFDL или CC-BY-SA
- Најдобро да се подигнуваат на Wikimedia Commons:
- **http://commons.wikimedia.org**
- Забрането е подигнување слики за кои немате авторски права!
- Мора да сте регистриран и најавен корисник
- Се подигнуваат на страницата:
- **http://mk.wikipedia.org/wiki/Специјални:Upload**

# Слики

- За да додадеме слика ја користиме командата: [[Слика:Името_на_сликата|параметри|одделени|со знакот pipe]]
- Можни параметри: лево, десно, центар; мини; рамка; големина во пиксели; текст за приказ
- [[Слика:Winged_Victory.jpg|мини|десно]]
- [[Слика:Winged_Victory.jpg|рамка|лево|Крилеста победа]]
- [[Слика:Winged_Victory.jpg|250п|Крилеста победа]]
- [[Слика:Winged_Victory.jpg]]

# Корисни врски

- [[Википедија:Вовед]]
- [[Помош:Содржина]]
- [[Помош:Како_да_уредам_страница]]
- [[Помош:Како_да_уредам_страница/Песок]]
- [[Википедија:Авторски_права]]
- [[Википедија:Портал]]
- [[Википедија:Портал/Помош]]

# Македонија на Википедија

* На кое јазично издание?
** македонски јазик
** јазици на малцинствата
** светски јазици

* Други проекти на WMF?
** Commons
** Речник
** Извори, цитати, книги
** Викиуниверзитет

# Проект **„Македонија на Википедија“**

* Проект на **Владата на Република Македонија**
* Носител на проектот - **Министерството за образование и наука**
* Подржан од:
** **Министерство за информатичко општество и администрација**
** **Биро за развој на образованието**
** **Викимедија Македонија**
** **Државните и приватните универзитети во РМ**

# Проект **„Македонија на Википедија“**

ЦЕЛИ

* да идентификува содржини поврзани со Македонија во најширока смисла кои би биле дел од содржините во рамките на најразлични проекти на Фондацијата Викимедија, со нагласок на повеќејазичниот проект „Википедија“,

* да даде поттик и подршка во организирањето на заинтересирани групи и поединци кои до сега не биле дел од вики заедницата, со цел зголемување на бројот на активни членови придонесувачи во уредувањето на содржини на Википедија,

* да овозможи отворен пристап на вики заедницата до идентификуваните содржини (преку активна соработка на научните и образовните институции, музеите, архивите, државните органи и сл.)

# Проект **„Македонија на Википедија“**

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

* **Ученичка популација,** ќе се даде поттик на учениците за зголемена употреба на Википедија во наставата, преку објаснување на принципите на Википедија, начинот на уредување и придонесување на Википедија, подигнување на слики и други мултимедијални содржини, како и меѓусебна соработка на учениците на проекти за создавање на содржини на Википедија на јазиците кои се зборуваат во Македонија.

* **Студентска популација.** Ќе се даде поттик на студентите за зголемена употреба на Википедија како извор на информации, за создавање или преведување статии на теми кои бараат повисоко ниво на вештини и знаење во областа на нивното студирање или области од зголемен интерес. Придонеси на Википедија на јазиците кои се зборуваат во Македонија и светските јазици.

* **Наставен кадар.** Преку своите наставни активности би придонесувал за зголемување на содржини на мајчин јазик од наставните предмети кои би се искористиле како извор на е-содржини во наставата, со што ќе се обезбедат услови за непречено и континуирано користење на информатичката опрема, односно одржливоста на проектот „Компјутер за секое дете“.

* **Јавна администрација**. Државните органи, министерствата и други институции како и органите на локална самоуправа согласно принципите на Википедија постојано да ги ажурираат соодветните страници на Википедија  кои се однесуваат на нивните субјекти, односно доколку истите не се создадени да бидат создадени.

# Проект **„Македонија на Википедија“**

**МЕРЛИВОСТ**

* Удвојување на годишната стапка на раст на бројот на статии на Википедија на јазиците кои се зборуваат во Македонија.

** Википедија на македонски јазик, 7-8.000 статии годишно.

* Зголемување на бројот на регистрирани корисници на Википедија на македонски јазик, од сегашните 30.000.

* Зголемување на бројот на активни корисници на Википедија на македонски јазик од сегашните 8-10 многу активни (кои прават 80% од уредувањата на Википедија во текот на месецот) и околу 300 активни корисници (кои направиле барем 1 уредување во текот на месецот).

* Појава на ученици кои добиле стипендија од министерството за образование и наука а биле наградувани како учесници во проектот „Македонија на Википедија“ односно уредувале на Википедија.

* Надминување на соседските википедии по број на статии и лидерство во регионот.

Прашања?

**Ви благодарам за вниманието!**

Димче Грозданоски

twitter: @grozdanoski